...дејности ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Бр. 04-342/2
05.06.2019 год.

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 6 Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), а во согласност со Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица- Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-4211/2 од 30.05.2019 година, ЈП ХС Злетовица- Пробиштип објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2019**
**за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип**

ЈП ХС Злетовица- Пробиштип објавува интерен оглас за унапредување за следниве работни места:

1. **Раководител на Одделение за одржување на брана со придружни објекти и опрема**, со шифра КДР 0305 А03 127 - 1(еден) извршител со исполнување на следниве услови:

- Стручни квалификации: најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен машинство, градежништво и водостопанство или електотехника.
- Работно искуство: најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување согласно Законот за работните односи и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност..

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга вработен во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, како и да ги исполнува следниве услови:

- работното место на кое се унапредува да е слободно,
- ги исполнува општите и посебни услови,
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, секој работен ден од 7 до 15 часот, со назнака "За интерен оглас број 01/2019".

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈП ХС Злетовица
Директор
Миле Илиевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Пробиштип